Прилог бр.3		Предметна програма од трет циклус на студии
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОМЕХАНИЧКИ ПРИНЦИПИ НА ПРЕПАРАЦИЈА НА ЗАБИ ЗА ФИКСНИ ИЗРАБОТКИ
2.	Код	ДССП2
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во

		Скопје			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за Стоматолошка протетика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	**Одговорен наставник:** Проф. Д-р Сашо Јовановски Проф. Д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова Проф. Д-р Наташа Ставрева, Проф. Д-р Анета Мијоска, Виш научен соработник д-р Марјан Петков			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Цели на предметната програма (компетенции): Цел на предметот е да се претстават современите методи за препарацијата на забите за фиксни протетски помагала базирани на биолошки, механички и естетски принципи. Особен акцент ќе биде даден на воспоставувањето на адекватна формата на препарираниот заб во корелација со различните индикации за припрема на протетската терапија.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1. Поглавје – Вовед во клинички основи на препарација Вовед во современите концепти на лекување во реставративната и естетска дентална медицина, интердисциплинарна планирана подготовка на сите орални ткива со примена на основни начела на црвена и бела естетика за успешна орално-естеска рехабилитација …. 4 часа Биолошки принципи за современа препарација, максимално зачувување на здрава забна супстанца, зачувување витална пулпа и спречување на иреверзибилни оштетувања поради прегревање од стружење (топлина и вибрации), правилна употреба и доволна количина на вода, правилна насока на спрејот, дозирање на умерен притисок врз забот и избор на квалитетни, неискористени борери со правилна форма според различните фази на работа, Спречување инфекција на пулпа по стружење со поставување на индикација за употреба и на различно индицирани привремени коронки …. 4 часа Супрагингивален раб на препарација, зачуваување на нормална морфолошка форма на забот, спречување на оштетувања на соседнии заби, здрави пародонтални ткива, хармонична оклузија …. 4 часа Механички принципи на современата препарација, геометриски својства на препарацијата, препарирана форма за примарна ретенција, форма за отпор и отпорност на деформитети …. 4 часа Естетски принципи на современата препарација, субгингивален раб на препарација, минимална видливост на метал, оптимален слој од порцелан на			

		естетска и оклузална површина ..... 4 часа *Резултати од првото поглавје: Со предавањата предвидено е докторантите да се запознаат со значењето на препарацијата на преостанатите заби во зависност од анатомските и морфолошки карактеристики на поединечните заби. Притоа ќе стекне познавања за биолошките, механичките и естетските принципи на современата препарација.* 2. Поглавје - Начела на протетска терапија Основни начела за оптимална препарација, работа без болка, време на препарирање, ергономија, положба на пациентот и терапевтот, помош од стоматолошката сестра, менување на борери ..... 2 часа Преобликување на забна коронка во забно трупче за фиксна протетичка соло реставрација (коронка, инлеј, фасета), коронка како дел од мостова конструкција.....4 часа Индикации и контраиндикации за препарација во фиксна и мобилна протетиката за соло коронка и како носач на мост, инлеи, онлеи и фасети..... 2 часа Специфичности на фазите на препарација на забите по класичен метод, прва фаза, препарација на оклузална површина, втора фаза, препарација на вестибуларна и орална површина, трета фаза, препарација на апроксимални површини, четврта фаза-препарација со заоблување и субгингивално подесување, видови демаркациони линии, подготовка на наклонот на степеникот за целосна метална коронка, фасетирана коронка и безметална керамичка коронка ..... 4 часа Специфичности на фазите на препарација на забите по современ метод, груба фаза и фина фаза на препарација, завршување на препарација со фина обработка и гингивално продлабошување со подготовка на наклонот на полукружен степеник за целосна метална, фасетирана керамичка и полно керамичка коронка, методи за проверка на длабочина на препарација, употреба на силиконски шаблон ..... 4 часа Методи на подготовка на букални површини во две рамнини, исполнување на барања за оптимална маргинална подготовка, облик на стапалка и длабочина на препарација за стапалка, наклон на стапалката, локација според положбата на слободната гингива, агол и степен на препариран емајл, поврзаност помеѓу биолошка ширина и препарација, стар и нов концепт на препарација на стапалка во однос на гингива, дентогингивален комплекс и биолошка ширина.....4 часа. Заштита на пулпата од микроорганизми, дезинфекција, затворање на рабовите, отстранување на сите кариозни лезии, ревизија на стари пломби, компликации и оштетувања на пулпа, разгледување и споредба на податоци од литература..... 3 часа Правилна и неправилна форма на подготовка на забите.....2 часа *Резултати од 2 поглавје: Со споредување на формата на природниот заб со формата на препариранот заб се укажува на биолошките законитости на овој орган. Се укажува значењето на виталитетот во изборот на*

		методологијата на препарацијата. Принципите на препарација се базираат врз основана презерваџија на забните ткива, ретенција и механичка отпорност, структурален интегритет, маргинален интегритет и зачувување на здравјето на пародонтот. Тоа се главните насоки при препарирањето фаза по фаза за добивање на адекватна форма со употреба на адекватни форми на брусните тела. Вкупно.....45 часа			
13	Заемна поврзаност на предметите	Современи аспекти на планирање и реализација на фикснопротетските надоместоци			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.			
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), <u>семинари, тимска работа</u>: часови	30	
		16.3.	Пракса: часови		
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25	
		17.3.	Домашно учење - задачи	60	
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.			
19	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови		40	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		20	
	19.3.	Завршен испит: бодови		40	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)	
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)	
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)	
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)	
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.			
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	А. Демиен Валмсли и сор.	Реставративна стоматологија	Арс Ламина ДОО	2011

		2.	Џејмс Б. Самит Ј. В. Робинс Т. Ј. Хилтон Р. С. Шварц Х. дос Сантос	Основи за реставрација на забите-Современ пристап	Арс Ламина ДОО	2011
		3.	В.Рангарацан Т.В.Падаманабан	Учебник за протетика	Арс Ламина ДОО	2013
		4.	Stephen F. Rosenstiel, Martin F. Land, Junhei Fujimoto	Contemporary Fixed Prosthodontics	Elsevier	2016
		5.	T.H. Shillinburg	Fundamentals of fixed prosthodontics	Quintessence Publishing Co	1997
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Herbert T. Shillingburg, Richard Jacobi, Susan E. Brackett	Fundamentals of Tooth Preparations	Quintessence Publishing Co	1991
		2.	Christensen G.J.	Building up tooth preparations for full crowns	J Am Dent Assoc.	2007
		3.	Pascal Magne Urs Belser	Adhezivno cementirani keramički nadomjesci u prednoj denticiji	Quintessence Publishing Co	2010
		4.	Џои Д. Да Силва, Давид А. Мичел, Лора Мичел, Пол Брантон	Американски прирачник за клиничка стоматологија	Арс Ламина ДОО	2011
		5.	H. W. Anselm Wiskott	Fixed prosthodontics: principles and clinics	Quintessence Publishing Co	2011
		6.	К. Обрадовиќ – Ѓуричиќ А. Тодоровиќ С. Додиќ В. Медиќ	Керамички системи у стоматолошкој пракси	Стоматолошки факултет Београд	2013
		7.	Џејмс Р. Хул Едвард Елис III Мирон Р Такр	Современа орална и максилофацијална хирургија	Арберна дизајн	2017